**Известување за концентрација со која Волво Бизнис Сервисис Интернешенл АБ од Шведска и Рено с.а.с од Франција ќе формираат целосно функционално заедничко вложување**

**(предмет бр. 08-154 од 2023 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 24.10.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Волво Бизнис Сервисис Интернешенл АБ со регистрирано седиште на Округ Вестра Геталанд, 405 08 Гетеборг, Шведска и Рено с.а.с регистрирано со седиште на 122-122 бис авенија на Генерал Леклерк, 92100 Булоњ-Биланкур, Франција ќе формираат целосно функционално заедничко вложување за развој, производство и продажба на производи на нови лесни комерцијални возила (ЛКВ) и помошни логистички услуги.

**-Волво Бизнис Сервисис Интернешенл АБ** е мултинационална производствена компанија со седиште во Гетеборг, Шведска. Таа е глобално активна во производството и продажбата на камиони на и надвор од автопат, автобуси, градежна опрема, поморски мотори, индустриски мотори за теренска примена и генерирање електрична енергија и мотори за возила на автопат. Додека камионите што се продаваат под брендот "Волво" опфаќаат само тешки и средни камиони, палетата на производи "Renault Trucks" се проширува и на ЛКВ (произведени и продавани под лиценца на Рено). Волво инаку не развива, не произведува и не продава ЛКВ.

Волво Бизнис Сервисис Интернешенл АБ има едно претпријатие-ќерка инкорпорирано во Северна Македонија: **Волво Македонија ВТЦ Дооел**, со регистрирано седиште на улица 112 бр. 2/14 Ќојлија, Петровец, Скопје, Северна Македонија Активностите на Волво СМАК се постпродажни услуги и работилница.

**-Групацијата Рено** главно произведува и продава автомобилски возила, делови и услуги за мобилност под брендовите 'Рено', 'Дачиа', 'Алплајн' and 'Мобилизе'. Возилата на Рено вклучуваат ЛКВ. Рено има стратешки сојуз со Нисан и Мицубиши што му обезбедува единствена контрола на Рено врз двете групации според правилата за контрола на спојувањето.

Групацијата Рено нема претпријатие-ќерка инкорпорирано во Северна Македонија.

Предложената трансакција се однесува на пазарот за производство и снабдување со ЛКВ.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

25.10.2023 година

Скопје